Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023
2024

Извадок на дел од дневни настани 18.03.2024

Вчеравечер (17.03.2024) околу 22.50 часот на крстосница од улица „Видое Смилевски-Бато" со улица „29 Ноември" во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово го привеле 34-годишниот К.М. од гостиварско Дебреше, кој бил баран во централна потерница врз основа на наредба од Казнено - поправната установа Затвор Идризово во Скопје за доиздржување на затворска казна од 2 години и 10 месеци за сторено кривично дело „тешка кражба" по член 236 од Кривичниот законик. Лицето било спроведено во установата за доиздржување на казната.

Полициски службеници на СВР Тетово, вчера (17.03.2024) околу 14.30 часот на локалниот пат за тетовското село Требош го привеле 35-годишниот М.А. од Требош, кој бил баран по централна потерница врз основа на судска наредба за издржување на еногодишна затворска казна за сторено „тешко дело против безбедноста на луѓето и имотот во сообраќајот" казниво по член 300 од Кривичниот законик. Лицето е спроведено во Казнено-поправната установа Затвор Тетово за издржување на казната.

На 17.03.2024 во Гевгелија, полициски службеници од Одделението за внатрешни работи Гевгелија го лишиле од слобода Д.М.(45) од Штип. При преглед на неговото патничко возило „фолксваген" со штипски регистарски ознаки била пронајдена нарихуана. За настанот бил запознаен Јавен обвинител од Основното јавно обвинителство Гевгелија и по документирање на случајот против лицето ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 17.03.2024 во 20.00 часот во СВР Битола, од Казнено – поправната установа Затвор Битола било пријавено дека при претрес во просторијата во која биле сместени осудениците М.Б.(28) од Битола, А.Т.(32) од Прилеп, А.Ф.(32) од Прилеп, Е.С.(27) од Скопје и Е.М.(30) од Битола биле пронајдени и одземени марихуана, повеќе различни таблети и мобилен телефон. Полициски службеници од Одделението за недозволена трговија со дрога и оружје при СВР Битола извршиле увид и го подигнале пронајденото за понатамошна постапка. За настанот бил известен јавен обвинител и по негово документирање ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 16.03.2024 во 14.05 часот во СВР Битола, Љ.Ѓ. од с.Градешница, општина Могила, пријавил дека во селото пронашол три стари гранати. На 17.03.2024, пиротехничар од Дирекцијата за заштита и спасување Битола безбедно ги подигнал експлозивните средства и констатирал дека се работи за една артилериска граната калибар 155 мм, една авионска бомба 10 либри и една артилериска граната калибар 75мм, сите по птекло од Првата светска војна.

Во текот на вчерашниот ден (17.03.2024) Министерството за внатрешни работи спроведе акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 260 возачи. Од нив 18 возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното. Притоа, 100 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 160 надвор од населено место.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (17.03.2024) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 119 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 16 санкции, 17 мерки за возење без возачка дозвола, осум санкции за управување под дејство на алкохол, 11 мерки за неносење на сигурносен појас...

На 17.03.2024 околу 19.30 часот во Маврови Анови, полициски службеници на СВР Тетово -Одделение за внатрешни работи Гостивар го пронашле 26-годишниот гостиварец Д.Д., кој на 16.03.2024 во 11.20 часот бил пријавен од неговата 57-годишна мајка дека се оддалечил од домот.

На 17.03.2024 во 13.16 часот во Полициската станица Кичево било пријавено дека на регионалниот пат Кичево - Осломеј се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко моторно возило „фолксваген голф" со кичевски регистарски ознаки, управувано од Ш.М. (31) од Швајцарија, со живеалиште во Кичево и четирицикл управуван од малолетник од с.Махмудовци, кичевско. По несреќата малолетниот возач и неговиот малолетен сопатник биле пренесени во Медицинскиот центар Кичево за укажување на лекарска помош. Извршен бил увид од увидна екипа од Полициската станица Кичево.

На 17.03.2024 во 09.30 часот во Полициската станица Кочани било пријавено дека околу 05.30 часот на ул„АСНОМ" во с.Чешиново, мотоцикл „хамачи" без регистерски таблици, управуван од Н.А.(20) од с.Соколарци излетал од коловозот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил мотоциклистот констатирани во Општата болница Кочани. Извршен бил увид од увидна екипа од Полициската станица Кочани.

На 17.03.2024 во 18.05 часот во Полициското одделение Пехчево било пријавено дека на место викано „Елата" во атар на Пехчево, Д.Ц.(31) од Пехчево, управувајќи мотоцикл, паднал на патот. Во несреќата, со повреди се здобил мотоциклистот и бил пренесен во Комплекс клиники „Мајка Тереза" за укажување лекарска помош. Извршен бил увид.

На 17.03.2024 во 12.45 часот во Полициската станица Аеродром, К.В.(34) од Скопје пријавил дека на бул.„АСНОМ" бил каснат од куче скитник.

Во текот на изминатиот викенд, полициски службеници од СВР Куманово спроведоа акциска контрола за санкционирање на возачи кои не ги почитуваат сообраќајните прописи, при што на подрачјето на Куманово санкционирани се вкупно 77 возачи. Од нив, 43 управувале возило со брзина поголема од пропишаната, 19 санкции се изречени за возачи кои управувале возило под дејство на алкохол, 13 за управување возило без возачка дозвола и 2 за нерегистрирани возила.

На 17.03.2024 во Полициската станица Аеродром во Скопје, З.П.(55) и Н.К.(43), двајцата од Скопје, пријавиле дека на 16.03.2024 околу 23.50 часот на булевар „Јане Сандански" во Скопје нивните малолетни синови биле физички нападнати од неколку малолетници, од кои еден познавале, а кој употребил тврд предмет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 18.03.2024 во 00.20 часот во ОВР Прилеп, Т.Д.(50) од Прилеп пријавил дека во царински терминал на ул.„Трајко Николоски" во Прилеп бил физички нападнат од Б.Б. и уште едно лице. Подоцна, според пријавеното, на ул.„Борка Влачаров" во Прилеп, Б.Б. заедно со Х.З. и И.Б. повторно го нападнале него и неговиот брат З.Д.. Се преземаат мерки за расчистување и документирање на настанот, по што ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 17.03.2024 во 11.00 часот на фудбалското игралиште во село Богомила, општина Чашка, за време на одигрување на фудбалски натпревар помеѓу екипите на ФК Богомила од с.Богомила и ФК Мартоци од с.Горно Врановци, по претходна расправија, настанала физичка пресметка помеѓу играчи од двете екипи и дел од публиката, по што натпреварот бил прекинат. За настанот бил известен јавен обвинител и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 17.03.2024 во 22.55 часот во СВР Скопје, Т.С.(26) од Скопје пријавил дека на подрачјето на Аеродром, по претходно недоразбирање, бил физички нападнат од М.Ж.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 17.03.2024 во 19.00 часот во СВР Скопје, 45 - годишна жена пријавила дека околу 14.30 часот во домот на подрачјето на Центар била физички нападната од нејзиниот сопруг М.К.(55) од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 17.03.2024 во 20.50 часот во СВР Скопје, А.З.(47) од Скопје пријавил дека околу 20.30 часот на подрачјето на Центар, додека извршувал работни задачи како возач на автобус на ЗСП, бил физички нападнат од едно лице, кое употребило тврд предмет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 17.02.2024 во 20.20 часот во СВР Скопје, Д.А.(33) од Скопје пријавил дека околу 17.00 часот на подрачјето на општина Аеродром, две лица со закана со тврд предмет и физичка сила од неговиот малолетен син одзеле пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 17.03.2024 во 09.30 часот во СВР Скопје, 51 - годишна жена пријавила дека околу 05.00 часот во домот на подрачјето на општина Аеродром била физички нападната од нејзиниот партнер М.Т.(52) од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 17.03.2024 во 19.30 часот во СВР Скопје, 60 - годишна жена од Скопје пријавила дека околу 09.30 часот на подрачјето на Шуто Оризари, по претходни недоразбирања, била физички нападната од нејзиниот девер С.Ш.(66) од Скопје, кој употребил и тврд предмет. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 16.03.2024 во 17.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека на подрачјето на Шуто Оризари, по претходна расправија, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Т.Р.(25) и М.Р.(30), двајцата од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 17.03.2024 во 13.53 часот во СВР Скопје 26 - годишна жена пријавила дека во домот на подрачјето на Драчево била физички нападната од нејзиниот 39 - годишен сопруг. Исто така, во 14.10 часот, 39 - годишниот сопруг пријавил дека во домот бил физички нападнат од неговата 26 - годишна сопруга. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 17.03.2024 околу 11.40 часот во Полициското одделение Сарај, Н.А.(49) од С.Сарај пријавила дека, додека работела на нива во село Сарај, се здобила со повреда во ногата од залутано зрно. На Н.А. и била укажана лекарска помош во Градската општа болница „Св.Наум Охридски". Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 18.03.2024 во 00.52 часот во СВР Охрид било пријавено дека на ул.„Андон Дуков" во Охрид настанал пожар во напуштена кука. Од екипа на Територијалната противпожарна единица Охрид пожарот бил изгаснат, а повредени лица нема. Увид бил извршен.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Делчево поднесе кривична пријава против Д.С.(60) од Македонска Каменица поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „даночно затајување". Пријавениот склучил купопродажен договор за продажба на дрвна маса со осум сопственици на катастарски парцели на шума. После тоа, во периодот од 11.09.2019 до крајот на 2021 година, од 14 катастарски парцели извршил сеча на дабово и буково огревно дрво, а остварениот приход од продажбата на дрвната маса не го пријавил во Управата за јавни приходи, не поднел годишна пријава за 2019, 2020 и 2021 година и не платил данок од доход во износ од 275.154,00 денари, со што се стекнал со противправна имотна корист на штета на Буџетот на Република Северна Македонија.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против Д.Ч.(43) од Куманово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „затајување". Пријавениот, на 27.12.2023 од агенција за изнајмување возила од кумановско склучил договор за закуп на возило, но не го вратил до договорениот датум - 31.12.2023. Подоцна, возилото било пронајдено од полициски службеници на бензинска пумпа.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против А.Н.(32) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 16.01.2024, полициски службеници извршиле преглед на пријавената, при што бил пронајден и одземен хероин.

СВР Штип поднесе кривична пријава против Н.Н.(31) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 17.02.2023 во Штип, полициски службеници извршиле преглед кај пријавениот, при што пронашле и одзеле кокаин.

СВР Велес поднесе кривична пријава против М.А.(34) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 12.03.2024, полициски службеници извршиле преглед на пријавениот, при што пронашле и одзеле амфетамин.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против малолетник од Тетово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „тешка телесна повреда". На 22.01.2024, по претходно недоразбирање, пријавениот со тврд предмет го нападнал Б.Ј., и му нанел повреди.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Унет